Групацијата на агенции за недвижности

Тимот задолжен за комуникации со бизнис заедницата запознаен со работењето на Групацијата

Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија, беше вклучена во Проектот „Учиме од бизнис заедницата“ што е во организација на Кабинетот на Заменик претседател на Владата на Република Македонија за економски прашања, господинот Владимир Пешевски, при што, во писмена форма беа изнесени сите досегашни активности на Групацијата, посебно во делот на потребата од донесување на законска регулатива за прометот со недвижности.

На барање а и задоволство на членките на Групацијата, добиен е позитивен одговор за одржување на заеднички состанок (1.2.2016 година) на претставници на Групацијата и претставници на тимот задолжен за комуникации со бизнис заедницата, кој е составен од претставници на Кабинет на Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, Агенција за катастар на недвижности и Царинска управа на Република Македонија.

На средбата се направи кратка презентација на Групацијата на агенции за недвижности при што се истакна дека Групацијата е формирана 2006 година, има околу 40 членови и во овие десетгодишно постоење и работење посебно акцент е давано на сузбивање на нелојалната конкуренција, пред се, на меѓусебната, а потоа и од надворешни правни, но и физички лица, кои придонесуваат кон рушење на цените и сериозниот пристап кон агенциското работење.

За надминување на сите потешкотии во работењето, како и создавање ред, преку донесување на законска регулатива во оваа област, Групацијата подготви Работен текст на Предлог за донесување на Закон за посредување во промет со недвижностии истиот доставен до Владата на РМ. Добиени се одговори, Министерство за транспорт и врски и Министерство за финансии, дека има потреба од донесување на вакво законско решение, меѓутоа, почина повеќе од две година, сеуште нема никаква активност во надлежните министерства.

Посебна благодарност, беше искажана кон Кабинетот на Пешевски за искажаниот интерес и одржување заедничка средба со Тимот кој е задолжен за разгледување на Образецот кој е пополнет од страна на Групацијата, а исто така посебна благодарност беше искажана и до Управата за финансиско разузнавање, кое максимално ја поддржува иницијативата и Групацијата ја има вклучено во Акционен план за национална проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам, односно во Подгрупа бр.7 - проценка на ризик од ПП и ФТ кај нефинансиските дејности и професии, при што е ставен приоритет и на овој законски проект.

Повеќе причина за донесување на Закон за посредување во промет со недвижности, е тоа што во сите соседни земји, посебно во поранешните ју-републики, има законска регулатива за промет со недвижности. Предлог текстот кој е доставен, треба да биде основа за подготовка на текст на закон со кој ќе се регулира на прометот со недвижности, а професијата агент за посредување во прометот треба да биде ценета на пазарот на недвижности.

Во обемната дискусија беше истакнато дека од денешната седница, Тимот кој беше присутен во полн состав, ќе подготви вкупен извештај до Владата и во определен рок (март односно април) ќе бидат поминати на Влада.

Поддршката од потребата за донесување на законска регулатива за посредување во прометот со недвижности добиена на седницата е и од страна на Управата за финансиско разузнавање, што дава уште поголем поттик за залагањето на Групацијата за донесување на Закон за посредување во промет со недвижности.